Бесплатен примерок

ОПШТИНА АЕРОДРОМ

| Број 76 | Година XII | мај - јуни 2017 г. | *Весник на Општина Аеродром*

ЌЕ СЕ ГРАДИ КРУЖЕН ТЕК ВО ОПШТИНА АЕРОДРОМ

стр. 7

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

СОДРЖИНА

ГРАДОНАЧАЛНИКОТ КОНЕВСКИ ОДЛИКУВАН СО ОРДЕНОТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ 3

АКТИВНОСТИ ..... 4 - 11

ЕКОЛОГИЈА ..... 12 - 15

SИД НА КРЕАТИВНИ ФОТОГРАФИИ ..... 16 - 17

ОБРАЗОВАНИЕ ..... 18 - 19

ТЕАТАР 20

ЗАБАВА 21

ЗДРАВЈЕ ..... 22 - 23

СТИЛ ..... 24 - 25

ЖИВОТ ..... 26 - 27

СПОРТ ..... 28 - 29

ПИСМА 30

ИНФО 31

ПРИЕМНИ ДЕНОВИ:

- **Одделение за даноци, такси и други приходи и Данок на имот** – секој работен ден од 08:30 до 11:30 часот
- **Одделение за урбанизам** – понеделник и вторник од 09:00 до 11:00 часот
- **Комунално одделение** – понеделник од 15:30 до 16:30 часот, четврток и петок од 08:30 до 09:30 часот

Првиот број на весникот „Аеродром“ излезе во јуни 2006 година
Весникот излегува како двомесечник

Редакција
м-р Маја МАНЧЕВСКА
м-р Билјана КОЧОСКА-ТОДОРОВСКА
м-р Александра МИЛЕВСКА-ПЕТРОВСКА
Ивана ЈОВАНОВИЌ-АЦКОВСКА

Уредува
Одделение за односи со јавност и развој и поддршка на интегралниот информациски систем

Лектор
м-р Билјана КОЧОСКА-ТОДОРОВСКА

Дизајн
Европа 92 - Кочани

Фоторепортер
Томислав Атанасовски

Издава
Општина Аеродром

Градоначалник
Ивица Коневски

Печати
Европа 92 - Кочани

тираж 30.000 примероци

телефон: 2401 516
факс: 2401 546

e-mail: vesnik@aerodrom.gov.mk
www.aerodrom.gov.mk

Адреса:
Јане Сандански 109 Б,
1000 Скопје

ВО МАКЕДОНСКАТА АРХИЕПИСКОПИЈА

ГРАДОНАЧАЛНИКОТ КОНЕВСКИ ОДЛИКУВАН СО ОРДЕНОТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“

На 4.4.2017 година во просториите на Македонската архиепископија поглаварот на Македонската православна црква, архиепископот Охридски и Македонски, г. г. Стефан му го додели орденот „Св. Климент Охридски“ од трет ред на градоначалникот Ивица Коневски.

Градоначалникот Коневски, како што беше речено, високото одличје го доби за неговиот придонес, како и успешната и секогаш конструктивна соработка со Македонската православна црква, поточно со Скопската Епархија.

За време на доделувањето на орденот се читаше образложението за што се одликува со овој бронзен орден: „Одличието Орден на „Св. Климент Охридски“ од трет ред се доделува на градоначалникот г. Ивица Коневски за неговото залагање и придонес во изнаоѓањето решение за потребите на Скопската православна епархија за изградба на потребни храмови на територијата на Општина Аеродром“.

НОВА УЛИЦА МЕЃУ РЕОНСКИ ЦЕНТАР „АЕРОДРОМ“ И НАСЕЛБА ЛИСИЧЕ

Градоначалникот на Општина Аеродром, Ивица Коневски на 11.4.2017 година официјално го означи почетокот на изградба на новата улица „5“ во Реонски центар „Аеродром“ зад ОУ „Александар Македонски“.

Станува збор за новопроектирана улица „5“, која ќе ги поврзува населбата Лисиче и Реонски центар „Аеродром“. Должината на улицата ќе биде 600 метри, а широчината 6 метри и уште по еден и пол метар тротоари од двете страни, што значи вкупно 9 метри широчина. На новата улица, исто така, ќе бидат изградени и сливници за атмосферските води, а по асфалтирањето ќе биде поставено и целосно улично осветлување, како и сообраќајно обележување. Сето тоа се очекува да заврши за 90 дена.

За изградба на улицата „5“ Општина Аеродром ќе инвестира 17 милиони денари, а заедно со претходно изградената фекална и атмосферска канализација и водоводна мрежа на ова место, кога Општината потроши, исто така, 17 милиони денари, вкупната инвестиција за овој проект чини 34 милиони денари.

„Овој проект е од витално значење за жителите во овој дел на Општина Аеродром, бидејќи не само што ќе се поврзат двете населби и ќе се урбанизира овој запуштен локалитет, туку и како што може да се види, ќе се овозможи пристап и од булеварот „Србија“, изјави градоначалникот Коневски.

СЕ ГРАДИ АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО ДОЛНО ЛИСИЧЕ

Неодамна почна изградбата на атмосферска канализација на улиците „1“ и „20“ во Долно Лисиче.

Ова е прва атмосферска канализација во тоа населено место, која ќе биде изградена во должина од околу 1.800 метри.

Атмосферската канализација е од витално значење за жителите во тој дел на Долно Лисиче, затоа што ќе овозможи собирање и одведување на атмосферските води во реката Вардар.

Изградбата на атмосферската канализација ќе чини околу 24 милиони денари, а средствата се обезбедени по половина од Општина Аеродром и Град Скопје.

„Откако изградивме фекална канализација, ја реконструиравме водоводната мрежа и целосно ги асфалтиравме сите улици во Долно Лисиче, покрај кои изградивме тротоари и улично осветлување, деновиве почна и изградба на атмосферска канализација, што се случува за првпат од постоењето на ова населено место. Со тоа целосно ќе се заокружи инфраструктурата и Долно Лисиче ќе ги добие сите неопходни услови и атрибути на една урбана средина“, изјави градоначалникот Коневски на увидот во градежните работи во Долно Лисиче каде е почната изградбата на атмосферска канализација.

ПОЧНА РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА ФАСАДИТЕ ЗА 7 ЗГРАДИ

АПЕЛИРАМЕ до граѓаните што живеат во зградите, кои ќе се реконструираат во наредните фази, ако имаат можност дотогаш да ги заменат прозорците, за да се спречи оштетување на новите фасади по нивната реконструкција

Градоначалникот на Општиина Аеродром, Ивица Коневски на 6.4.2017 година изврши увид во реконструкцијата на фасадите на најоштетени станбени објекти на територијата на Општина Аеродром, што почна недодамна.

„Минатата година изработивме проекти за реконструкција на 18 фасади, од кои во оваа прва фаза ќе бидат опфатени 7, за кои се обезбедени средства од Буџетот на Општина Аеродром во вредност од 30 милиони денари“, изјави градоначалникот Коневски.

Станува збор за станбените згради на ул. Петар Ацев број 9, ул. Фрањо Клуз број 2, ул. 23 Октомври број 14 и бул. АСНОМ број 72 и 74 во Ново Лисиче (односно по ново број 188 и 190) и 112 и 114 во населбата Јане Сандански, односно во сите населби во Општината, а фирмата која е задолжена за изведба на реконструкцијата е Ми Комерц 2000 Златко Дооел.

Исто така, Општина Аеродром и во иднина континуирано секоја година ќе менува по 10-на фасади, така што планот е за неколку години сите фасади на станбените згради што се оштетени да се реконструираат.

Новите фасади не само што ќе го разубаваат ликот на Општината, туку ќе бидат и енергетски ефикасни, што значи дека се во функција на заштита на животната средина. Со тоа ќе се намалат трошоците на граѓаните за електрична енергија.

Државниот секретар во Министерството за животна средина и просторно планирање, Соња Лепиткова, го поздрави овој проект и го оцени како „многу важен за заштита на животната средина и за заштеда на буџетите на граѓаните за загревање, бидејќи околу 50 проценти од топлината се губи во зградите со стара градба“.

„КОСТА НОВАКОВИЌ“ И „АНГЕЛ ДИМОВСКИ“ ЌЕ СЕ ПОВРЗАТ СО КРУЖЕН ТЕК

Наскоро се очекува да почне доградба и реконструкција на дел од улиците „Коста Новаковиќ“ и „Ангел Димовски“ во Стар Аеродром, кои ќе се поврзат со кружен тек.

Проектот опфаќа асфалтирање на вкупна површина од 3.500 квадратни метри и тротоари со широчина од по два метри, велосипедска патека, нова линија за јавно осветлување и атмосферска канализација.

Реконструкцијата на постојната инфраструктура и изградбата на нова инфраструктура ќе го задоволи неопходниот капацитет за новите станбени објекти во овој дел од Општината, а со завршување на уште 5 претходно почнати улици во Стар Аеродром целосно ќе се заокружи изградбата на инфраструктура во оваа населба.



НОВ УЧИЛИШТЕН МЕБЕЛ ЗА УЧИЛИШТАТА

Општина Аеродром годинава набави нов училиштен мебел за седум основни училишта на територијата на Општина Аеродром, со цел да се подобрат условите за образование.

За таа цел се набавени 420 клупи, 840 столчиња и 14 мултифункционални табли, за да се опремат по пет училници во седумте основни училишта во врдност од 3 милиони денари. Освен тоа, ОУ „Блаже Конески" со сопствени средства ги опреми сите училници со истиот училиштен мебел и мултифункционални табли.

СЕ РЕКОНСТРУИРАА СПОРТСКИТЕ И ДЕТСКИТЕ ИГРАЛИШТА

Општина Аеродром ги поправи спортските и детските игралишта на целата територија на општината, вклучувајќи ги и игралиштата во основните училишта.

Реконструкцијата на спортските игралишта опфати поправка и бојосување на кошевите и головите, како и поправка на оградите кои беа оштетени.

Исто така, оваа акција опфати и поправка на реквизитите на сите детски игралишта на територијата на општината.

ПРОЛЕТНА ДЕРАТИЗАЦИЈА

Неодамна во Општина Аеродром беше извршена пролетната дератизација. На подрачјето на целата општина се опфатија 3.000 шахти со 9.000 мамци, вклучувајќи ги и основните училишта и детските градинки на нејзината територија. Дератизацијата на глодачите ја изврши Центарот за јавно здравје, Скопје.

ИЗГРАДБА НА 4 НОВИ УЛИЦИ ВО СТАР АЕРОДРОМ

Неодамна градоначалникот на Општина Аеродром, Ивица Коневски, заедно со градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски, извршија увид во градежните работи во населбата Стар Аеродром, поточно во изградбата на 4 комплетно нови улици, што почна неодамна.

Станува збор за изградба на фекална и атмосферска канализација, асфалтирање, тротоари и јавно осветлување на улиците „Пандил Шишков", „Вангел Тодоровски" и двете новопроектирани улици 4 и 5 во населбата Стар Аеродром во вкупна должина од околу 800 метри и широчина од 7 метри.

Изградбата на овие 4 улици, како што рече градоначалникот Коневски, заедно со неодамнешната реконструкција на улицата „Методија Шаторов – Шарло" (поранешна Руди Чајавец) значи зајакнување на инфраструктурата во оваа населба со нови објекти за домување и има витално значење за урбаното живеење на нејзините жители.

Новата инфраструктура, како што рече градоначалникот Коневски, се очекува да го задоволи неопходниот капацитет за новите станбени објекти во овој дел од Општината.

Исто така, целосно ќе се реконструира и улицата „Васко Карангелески", која е во надлежност на Град Скопје, од каде најавија и пробивање нова улица од булеварот „Трета Македонска бригада" до воениот базен. Улицата „Васко Карангелески" ќе се реконструира и во делот од Мајчин дом до хотел „Русија".

Градоначалникот Трајановски, исто така, најави дека во претстојниот период ќе биде реконструиран и булеварот „Февруарски поход" и тоа од булеварот „Видое Смилевски Бато" до булеварот „АСНОМ".

Посета на компанијата „Просолушн“ како успешен пример

ЗА 10 ГОДИНИ ПРЕПОЛОВЕНА НЕВРАБОТЕНОСТА ВО ОПШТИНА АЕРОДРОМ

На 16.3.2017 година градоначалникот на Општина Аеродром, Ивица Коневски, заедно со директорката на Агенцијата за вработување на Град Скопје, Слободанка Алексовска, ја посетија компанијата за печатење и графички услуги „Просолушн“, која е еден успешен пример во Општина Аеродром за вработување со поддршка на Владата на Република Македонија.

Преку кредитирање и финансиска поддршка на правни субјекти оваа компанија вработи 10 лица преку Агенцијата за вработување и на тој начин автоматски згрижи 10 семејства

„Паралелно со мерките на Владата за намалување на невработеноста, Општина Аеродром работи на создавање капацитети за отворање нови работни места“, изјави градоначалникот Коневски. Тој посочи дека такви се изградбата на ТЦ „Капитол“, СЦ „Јане Сандански“, хотелот „Русија“, кои продуцираа 500 нови работни места, а наскоро се очекува отворање на уште 50-на вработувања со изградбата на Тенискиот центар покрај Вардар, како и уште вработувања со завршувањето на изградбата на хотелот „Хилтон“.

Најзначаен е фактот што преку своите програми Владата мошне успешно и константно врши намалување на невработеноста, што мора да се признае, е еден од најголемите, ако не и најголем проблем, не само во Општина Аеродром, туку и во целата држава.

Според последните статистички податоци, за 10 години невработеноста во Општина Аеродром е преполовена, благодарение токму на кредитирањето и финансиската поддршка што се дел од широката стратегија за намалување на бројот на невработени лица. Поконкретно кажано, во Општина Аеродром на крајот на 2016 година имаше 4.035 невработени лица, односно лица кои активно или пасивно бараат работа, за разлика од 2006 година кога имаше 7.601 невработен. Тоа значи дека за 10 години невработеноста во Општина Аеродром е намалена за цели 47 проценти!

Преглед на невработени лица од Општина Аеродром евидентирани во Центарот за вработување на Град Скопје

Состојба 31.10.2016 година			Состојба 31.12.2006 година	Намалување на вкупниот број невработени лица
Вкупно (невработени лица + други лица кои бараат работа)	Невработени лица (активни баратели на работа)	Други лица кои бараат работа (пасивни баратели на работа)	Невработени лица	
4035	1557	2478	**7601**	**-3566**

Градоначалникот Коневски во посета на Лондон

ЌЕ СЕ ПРОШИРУВА РАЗМЕНАТА НА УЧЕНИЦИ

Градоначалникот на Општина Аеродром, Ивица Коневски, на 20.3.2017 година, во Лондон, во просториите на Општина Вандсворт, беше примен од градоначалникот Ричард Филд.

Целта на посетата на градоначалникот Коневски беше зацврстување и проширување на соработката меѓу општините Аеродром и Вандсворт.

Општина Аеродром и Општина Вандсворт, која е дел од централен Лондон, со население од 320.000, веќе неколку години имаат воспоставено одлична соработка, која резултираше со возвратни посети на ученички од основните училишта од двете општини.

Најдобрите полуматурантки од сите основни училишта на територијата на Општина Аеродром, во два наврати (во 2015 и 2016 година) беа еднонеделни гости на Женското основно училиште „Брнтвуд" во Вандсворт, а 15 ученички од ова училиште минатата година престојуваа во Скопје, каде, како и нашите ученички во Лондон, беа сместени во семејства.

ПОСТАВЕН СПОМЕНИКОТ „ПЛАМЕН НА МИРОТ" ВО ООУ „АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ"

Градоначалникот на Општина Аеродром, Ивица Коневски заедно со г-ѓа Херта Маргарете фон Хабзбург Лотринген од Австрија на 6.4.2017 година во ООУ „Александар Македонски" го откриј споменикот „Пламен на мирот", донација од меѓународната асоцијација „Пламен на мирот".

Оваа асоцијација, како дел од своите активности, дарува симболичен споменик „Пламен на мирот„ на лица и институции кои носат одговорност за луѓето, народите, државите, културите, природата и животната средина.

„Со големо задоволство сакам да укажам дека од денес нашата општина се вбројува меѓу привилегираните заедници и држави, во кои е поставен споменик „Пламенот на мирот" - симбол со долга и благородна традиција. ООУ „Александар Македонски" е првиот и единствениот објект во Македонија, во кој свечено се открива споменик „Пламен на мирот. Тоа за нас претставува привилегија, но и голема обврска", изјави директорката на училиштето, Слаѓана Настовска.

Инаку, Херта Маргарете фон Хабзбург Лотринген е директна наследничка на австриската кралска династија на Хабзбурговците, која е долгогодишен активист, хуманист и претседател на меѓународната хуманитарна асоцијација „Пламен на мирот" со седиште во Виена, Австрија.

РАСЦВЕТАА ЈАПОНСКИТЕ ЦРЕШИ

Во „Паркот со авион“ пролетва расцветаа јапонските цреши, каде има насадено над 300 садници само од овој вид. Инаку, од есента наваму во Општина Аеродром во соработка со ЈП „Паркови и зеленило“ се насадени над 50.000 дрвја на целата територија на Општината.

Вклучете се во хуманитарно-еколошката кампања!

СОБИРАЈТЕ ПЛАСТИЧНИ КАПАЧИЊА!

Општина Аеродром од 6.3.2017 година се вклучи во хуманитарно- еколошката акција „Едно капаче - Една надеж“, чија главна и единствена цел е да се соберат што е можно повеќе пластични капачиња.

За таа цел на сите катови во Општина Аеродром се поставени соодветни кутии, во кои ќе се собираат капачињата.

Собраните капачиња потоа се испраќаат во Турција, каде се рециклираат. За количина од 250 килограми се добива една инвалидска количка, која ќе се донира на семејство, кое има потреба од таква количка, а нема финансиска можност самостојно да ја обезбеди.

Инаку, акцијата ја почна Македонската медицинска студентска асоцијација - ММСА.

Апелираме до граѓаните да се вклучат во оваа хуманитарно-еколошка акција и собраните капачиња да ги донесат во просториите на Општина Аеродром, покажувајќи ја својата хуманост.

Акција на Општина Аеродром за селектирање отпад

АМБАЛАЖАТА ШТО ИМА МИНАТО, МОЖЕ ДА ИМА И ИДНИНА!

Општина Аеродром неодамна се вклучи во кампања за селектирање и рециклирање пластични шишиња и хартија, во соработка со Друштвото за управување со пакување и отпад од пакување, Пакомак.

Вработените во општинската администрација ќе ја селектираат хартијата и пластичната амбалажа.

Целта на оваа акција е покрај свеста за општествената одговорност за обезбедување поздрава животна средина, да се минимизира негативното влијание на амбалажниот отпад врз животната средина, а со тоа да се овозможи поквалитетен живот за сите.

Апелираме до граѓаните и тие да се вклучат во оваа еколошка акција на тој начин што ќе го селектираат отпадот од амбалажата и ќе го одложуваат на соодветни места наменети за тоа, како што се подземните контејнери и другите специјални контејнери за отпад од пластика.

ПРОЛЕТНА АКЦИЈА ЗА САДЕЊЕ ДРВЈА

На 25.3.2017 година градоначалниците на Град Скопје и на Општина Аеродром, Коце Трајановски и Ивица Коневски, како и директорите на јавните претпријатија учествуваа во пролетната акција за садење дрвја на територијата на градот.

Акцијата опфати садење листопадни садници, од видот јавор, каталпа, бреза, сорбус, гинко и други, на новата уредена јавна површина на раскрсницата меѓу булеварите „Видое Смилевски Бато“ и „Февруарски поход“, како продолжение на есенската акција за садење 50.000 дрвја. Станува збор за ново зеленило на површина од 6.800 квадратни метри со нова хидрантска мрежа во должина од 500 метри, систем за полевање со 70 прскалки, како и 20 хидранти за рачно полевање на зеленилото. Акцијата продолжи со садење дрвја и на други локации низ Општина Аеродром.

Цел на оваа акција беше да се подобри еколошката клима во Општина Аеродром и во Градот Скопје и да се зголеми бројот на дрвја. Континуираното подигање нови зелени површини и уредување нови катчиња за одмор и рекреација во природа придонесува за почиста животна средина и за зачувување на здравјето на граѓаните.

ЌЕ СЕ ИЗРАБОТУВА АКЦИСКИ ПЛАН ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Општина Аеродром е една од шесте општини, кои се одбрани за изработка на акциски планови за поголема вклученост на граѓаните во процесот на донесување одлуки од областа на животната средина, за периодот 2017 - 2020 година, во организација на „Центарот за климатски промени".

Целта на акцискиот план е да овозможи поголема соработка меѓу општините и јавноста, преку спроведување заеднички активности поврзани со животната средина.

Заедничките активности ќе се однесуваат на организирање заедничка кампања за решавање на одреден еколошки проблем или промоција на одржлив развој, како што се промовирање рурален и еко-туризам, промовирање органска храна, акции за чистење, акции за одржлив транспорт и акции за штедење енергија.

СОБРАНИ 50 КУБИЦИ КАБАСТ ОТПАД

На акцијата за собирање кабаст отпад, што се реализираше на 3.3.2017 и 4.3.2017 година во Општина Аеродром, беа собрани околу 50 метри кубни отпад.

Акцијата што се одвиваше речиси на целата територија на Општина Аеродром им овозможи на граѓаните да се ослободат од стар и неупотреблив мебел и електрични и електронски апарати од домаќинствата.

Исто така, постои можност ваква услуга граѓаните да добијат и во други денови со одреден надомест, за што подетални информации може да се добијат на дежурниот телефон 0800 222 33.

Наредната акција за собирање кабаст отпад е закажана за 12 и 13 мај.

Заврши еко-акцијата во Општина Аеродром

СОБРАНИ НАД 4 ТОНИ ОПАСЕН ОТПАД

Општина Аеродром во соработка со Друштвото за управување со отпад „Нула отпад" од ноември 2016 година до март оваа година организираше голема еко-акција за собирање електронски и електричен отпад, при што беа собрани над 4 тони опасен отпад. Целта на акцијата беше да се зачува животната средина и да се заштитат граѓаните од штетното зрачење на опасниот отпад.



НАБАВЕНИ 6 НОВИ КОСИЛКИ ЗА ТРЕВА

Општина Аеродром неодамна набави 6 нови косилки за косење трева. Станува збор за еден рајдер (тракторска косилка) и 5 робусни тревокосачки (викинг). Вредноста на набавените косилки е околу еден милион денари.

Покрај новите косилки, Општина Аеродром претходно има набавено уште 6 тракторки, 4 робусни тревокосачки, 8 тримери, 7 дувалки и 3 телескопски пили.

Со целокупната опрема за одржување на зеленилото збогатена и со новите косилки се очекува поефикасно одржување на јавните зелени површини.

ПОЧНА ИЗГРАДБАТА НА АВТОМАТСКИ СИСТЕМ ЗА НАВОДНУВАЊЕ ВО ДВА ПАРКА

Неодамна почна изградба на автоматски систем за наводнување во паркот „Нирнберг" во Ново Лисиче и во двата паркови меѓу зградите зад ТЦ „Скопјанка" во населбата Острово, така што претстојново лето тие ќе добијат автоматски систем за наводнување.

Имено, во паркот кај игралиштето „Нирнберг" покрај булеварот „Видое Смилевски – Бато" во Ново Лисиче, системот за наводнување на 15.000 квадратни метри ќе содржи над 200 прскалки, кои ќе се вклучуваат автоматски во одредени временски интервали и на тој начин зелените тревни површини константно ќе ги одржуваат свежи. Важно е да се напомне дека системот за наводнување ќе се напојува со бунарска вода и на тој начин ќе се заштеди водата за пиење.

Ист ваков автоматски систем за наводнување ќе биде изграден и во двата паркови меѓу зградите зад ТЦ „Скопјанка", кој ќе покрива вкупно 13.000 квадратни метри зелена површина со 230 прскалки.

Со изградбата на овие системи за наводнување Општина Аеродром, всушност, продолжува да ја шири автоматската мрежа за наводнување, која веќе ја има воспоставено во повеќе зелени паркови, меѓу кои „Паркот со авион", „Паркот на езерата", „Паркот на светлината", паркот „Бановина", паркот „13 Ноември", паркот „Јане Сандански" и паркот „Тоше Проески".

Исто така, во соработка со ЈП „Паркови и зеленило" во паркот „Нирнберг" се насадија 80 дрвца од видовите гинко, платан, јасен, софора, сорбус и липа, со што се збогати и флората во овој дел на Општина Аеродром.

Драги читатели, Општина Аеродром од неодамна Ви нуди можност на овие страници од весникот да го покажете својот креативен дух претворен во Ваши фотографии. Токму овој простор од весникот е посветен на сите тие што сакаат и умеат да фотографираат или, пак, поседуваат прекрасни фотографии. Прифатливи се фотографиите со кои ќе ја претставите Општина Аеродром, природа, пејзажи, фотографии од Вас сликани во неа, од Вашите најслатки, најоткачени и најсреќни деца, миленичиња, оние кои Ви ја смеат душата, едноставно, сè што мислите дека е интересно и заслужува место во овој весник.

Старите фотографии од Општина Аеродром ќе бидат објавени со посебно задоволство! Фотографиите можете да ги испраќате на електронската адреса на весникот:

vesnik@aerodrom.gov.mk

ЗАДОЛЖИТЕЛНО!

ПОКРАЈ ФОТОГРАФИЈАТА, ТРЕБА ДА СЕ НАВЕДЕ НАСЛОВОТ, ЛОКАЦИЈАТА И ИМЕТО НА АВТОРОТ.

Бела грмушка - Здравко Тодоров

Јапонски цреши- Билјана К.

Моето маало
- Оливера Блажеска

Пролетно цвеќе
- Теодора Дамческа

ѕид на креативни фотографии



Пролет - Ведран Тодоровски

Цвет - М. М.

Мартинки на кајсија - Ксенија Тодорова

Лалиња за мама - Филип Кокароски

ДЕЧИЊАТА ОД ГРАДИНКИТЕ Ѝ ПОСАКАА ДОБРЕДОЈДЕ НА ПРОЛЕТТА

Дечињата од градинката „Буба Мара“ со песнички за пролетта го одбележаа денот на пролетта и на екологијата со прошетка и музички хепенинг во паркот „Јане Сандански“. Исто така, на настанот беше промовирана и еко-химната на градинката „Буба Мара“.

Исто така, малите екологисти од градинката „Срничка“, од објектот „Калинка“ го одбележаа првиот ден на пролетта со креативни активности во дворот на градинката. Откако ги набљудуваа промените во природата, стекнатите впечатоци почнаа ликовно да ги изразуваат на бетонската ограда во дворот на градинката и со тоа го разубавија сопствениот двор.

„ЛАЛИЊАТА“ ТРЕНИРААА СО МЗТ

Децата од големата воспитна група од детската градинка „Лале“ се запознаа со кошаркарите на КК МЗТ „Скопје – Аеродром“ и одржаа заеднички тренинг во СЦ „Јане Сандански“. На оваа несекојдневна средба дечињата можеа одблиску да се запознаат со тоа како изгледа животот на еден кошаркар, колку време треба да се тренира за да се постигнат добри резултати, од која возраст се занимаваат со овој спорт. Тие дознаа дека е тоа професија што бара посветеност, дисциплина и здрави животни навики.

СПОРТСКИ ДЕН НА „БУБАМАРИТЕ“

Децата од големите воспитни групи од градинката „Буба Мара“ го посетија спортскиот центар „Ново Лисиче“ каде се запознаа со спортовите со топка (кошарка, фудбал, одбојка, пинг-понг), како и со нивните правила на игра. Во рамки на „спортскиот ден“, дечињата проследија тренинг по кошарка, а подоцна и самите уживаа во најпопуларните спортови. Децата, на крајот од посетата нацртаа и цртежи.

Традиционално по осми пат

ЛИКОВЕН ХЕПЕНИНГ „ЈА САКАМЕ ЕВРОПА“

На 25.4.2017 година во ТЦ „Капитол мол“ се одржа ликовен хепенинг, на кој децата од детските градинки и учениците од основните училишта цртаа на тема: „Ја сакам Европа“, во организација на Општина Аеродром, Европското движење во Република Македонија и Европската делегација во Република Македонија по повод прославата на 9-ти Мај, Денот на Европа.

Наградите ги доделија шефот на Мисијата на ЕУ во Република Македонија, Самуел Жбогар, градоначалникот на Општина Аеродром, Ивица Коневски и претседателката на Европското движење во Република Македонија, Милева Ѓуровска.

За најдобра ликовна творба во категоријата од предучилишна возраст е избран цртежот на **ИВА МИНОВА** од градинката „Срничка“ објект „Црвенкапа“.

Во категоријата од одделенска настава за најдобар е избран цртежот на **ФИЛИП КОСТАДИНОСКИ** од Vв од ООУ „Димитар Македонски“.

Осмоодделенката **МОНИКА СТОЈКОВСКА** од VIII2 од ООУ „Браќа Миладиновци“ е избрана за најдобра во категоријата од предметна настава.

Цртежите од ликовниот конкурс, како и наградените творби, ќе бидат изложени во трговскиот центар „Капитол мол“ до 9 мај.

Целта на оваа манифестација е не само да се развие детската уметничка креативност и инвентивност, туку и младата популација од Општина Аеродром да се приближи кон европските вредности.

ЛУДОРИИТЕ НА БОГОВИТЕ ГО ИСПОЛНИЈА „СОНОТ НА ЛЕТНАТА НОЌ“

Доколку некому кој спие се капне од магичниот цвет, истиот тој ќе се вљуби во првиот човек или суштество што ќе го види кога ќе се разбуди

Напишана пред повеќе од четири века како комбинација од елементи на комедија и пасторала со митолошки елементи претставата „Сон на летната ноќ“ од Шекспир може да се види на репертоарот на Театар Комедија во една современа верзија, во која се преплетуваат три света.

Тоа се светот на божествата: Оберон (Ѓорги Јолевски), Титанија (Јелена Жугиќ) и Задрогаз (Валентин Костадиновски – Тино), светот на љубовниците: Хермија (Жаклина Петровска), Елена (Ева Скендеровска), Лизандар (Жарко Димоски), Деметар (Александар Михајловски), како и делот за претставата во претстава, во изведба на занаетчиите Петре Шајка (Атанас Атанасовски), Коле Мотало (Столе Мицов), Санде Свирче (Едмонд Сотир), Томе Муцка (Мирјана Ристова) и Туткун (Илија Илиоски).

Во светот на „Сонот“ магискиот момент преку љубовната течност на еден посебен цвет ќе направи вистински хаос меѓу жителите. Доколку некому кој спие се капне од тој цвет, истиот тој ќе се вљуби во првиот човек или суштество што ќе го види кога ќе се разбуди. Токму оваа лудорија на боговите ќе го измести сиот свет. Титанија ќе се вљуби во еден занаетчија преобразен во магаре, Лизандар ќе се вљуби во Елена...

Претставата изобилува со огромна творечка потенција, со свет на божества, необични суштества, натприродни моќи, но и еден приземен свет, со хумана димензија, во која преку претставата за Пирам и Тизба во изведба на занаетчиите добиваме уште бурлескна димензија на комедијата.

РЕЦЕПТ ЗА УБАВИНА НА ОДРИ ХЕПБЕРН

- За атрактивни усни зборувајте само добрини!
- За убави очи гледајте само убавини во луѓето!
- За совршена линија делете ја храната со гладните!
- За здрава коса дозволете им на децата да ги провлекуваат своите прсти низ неа!
- За добро држење чекорете, знаејќи дека никогаш не сте сами!

ВИЦ НА МЕСЕЦОТ



ФЕЈСБУК

Седел ученик на час и напишал статус на ФБ:

„Сите учат, само јас на Фејсбук".

По извесно време, коментар од професорот:

„Ќе станеш да си го видиш кецот или да те тагнам?!"

Ако си наковалната, биди трпелив. Ако си чеканот, удри силно.

арапска поговорка

Глупоста се бутка во првите редови за да биде видена, мудроста останува во позадина за да види

непознат автор

За да успеете вашата желба за успех мора да биде посилна од стравот од неуспех.

Бил Козби

Ако садиш трње, не очекувај грозје!

македонска народна поговорка

Доколку не се третира на соодветен начин

ЕЛЕКТРИЧНИОТ И ЕЛЕКТРОНСКИОТ ОТП

Електронскиот и електричниот отпад е опасен поради екстремно токсичните, често канцерогени супстанци, што ги содржи и не може да се меша со другите типови отпад



Марјанчо Дамески,
директор на „Нула отпад"

Електричниот и електронскиот отпад содржи екстремно токсични, често канцерогени супстанци, кои доведуваат до оштетувања, пред сè на мозокот, срцето, бубрезите и белите дробови, а влијаат и на зголемувањето на крвниот притисок и на проблеми во репродуктивниот систем на луѓето. Поради тоа, овој вид отпад, доколку не се третира на соодветен начин, претставува опасност за човековото здравје, животната средина и нашата планета.

Опасните супстанци, кои се составен дел на електричната и електронската опрема се елементите на тешките метали како што се: олово, кадмиум, жива, хексовалентен хром, пластика, вклучувајќи ја и ПВЦ (поли-винил-хлорид), бромирани инхибитори на горење (BFR), бариум, берилиум, тонери, фосфор и многу други.

Последиците од неконтролирано отстранување и депонирање на е-отпад имаат двапати поголемо дејство преку ослободувањето на наведените токсични материи, а со тоа директно се загадува животната средина што, всушност, влијае врз здравјето на луѓето, животните и растенијата.

Во моментов, најголем дел на е-отпад и негови делови, завршува на депонии или се палат, со што директно се загрозува

АД - ОПАСНОСТ ЗА ЧОВЕКОВОТО ЗДРАВЈЕ

животната средина. Околу 70% од тешките метали, вклучувајќи ги и живата и кадмиумот, кои можат да се најдат на депониите, потекнуваат од електронската опрема. Проблемот со палењето претставува најголем извор на диоксиди.

Инаку, електронскиот и електричниот отпад се карактеризираат како опасен вид отпад, согласно Законот за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема, и тој не може да се меша со другите типови отпад.

Затоа се прават иницијативи за воспоставување систем на организирано собирање е-отпад, отпадни батерии и акумулатори. По преземањето на овој вид отпад од страна на лиценцирани компании за транспорт на опасен отпад, тој се предава на претпријатијата, кои поседуваат дозволи за складирање и третман на овој вид отпад. Целиот процес е во склоп со пропишана законска регулатива. Процесот на рециклажа во моментов во Република Македонија претставува механичка селекција, сортирање, раздвојување и дробење на отпадот.

УРЕДЕТЕ ЈА ГРАДИНАТА СО КРЕАТИВНОСТ И ТРУД

За уредување на градината, која е интересна работа, без оглед дали се почнува од нула или се преуредува, се потребни инвестиции. Сепак, расходите може значително да се намалат, ако сами направите речиси сè и наместо пари, вложите труд и време

КУПЕТЕ СЕМЕ И САМИ ПОСЕЈТЕ ГИ И РАСАДЕТЕ ГИ БИЛКИТЕ!

Ова е побавен и помакотрпен процес, кој бара ваша грижа и внимание, но резултатот сигурно нема да изостане. Сега во продавниците има голем избор на едногодишни и повеќегодишни цвеќиња, па доволно е да изберете такви кои не бараат многу работа и кои може да ги посеете уште веднаш. Ако сте внимавале на посеаните цвеќиња, единствен проблем што може да го имате е вишок на цвеќиња за кои немате доволно место во вашата градина.

КУПУВАЈТЕ ЦВЕЌИЊА КОИ СЕ ПОМАЛИ!

Колку се помали цвеќињата толку цената е пониска. Малите цвеќиња се само подоцна посеани и вложено е помалку труд, па затоа се поевтини. За вас ова е еден плус, но има и други предности. Помалите цвеќиња полесно се садат и поубаво се фаќаат. При садење внимавајте на конечната големина што цвеќето ќе ја постигне за неколку години, и оставете му место.

РАЗМНОЖЕТЕ ГИ БИЛКИТЕ СО РЕЖЕЊЕ!

Повеќето билки, особено украсни грмушки, може да ги размножите и при режење. Доволно е да искршите гранче, да го ставите во земја и редовно да го полевате додека не пушти корен. Овој процес е побавен, но се исплати. Вака добиените билки се доста отпорни, бидејќи не се негувани во стакленик и не се третирани со хемиски средства, што подоцна го отежнува приспособувањето на надворешните услови.

НАПРАВЕТЕ СОПСТВЕН КОМПОСТ!

Без разлика дали ви е градината голема или помала, сигурно е дека ќе имате куп отпад. Затоа добро би било на отворено да направите место за компост. Искосена трева, лисја и друг отпад од градината од цела година стануваат црно злато, кое е одлично ѓубриво за сите билки, па дури и за прехранбени производи (овошје и зеленчук). Внимавајте да не ви се замешаат листови од орев, сирење, месо или болни гранчиња, оти така ќе го уништите природното ѓубриво.

РАЗМНОЖЕТЕ САМИ ЖИВА ОГРАДА!

Покрај поплочување на дел од дворот или ставање ограда, во градината најголем трошок е живата ограда. Ако имате трпение да чекате неколку години живата ограда да израсне доволно да ја врши својата функција да ве заштити од прав и од несакани погледи, размножете ја сами. Гранчиња

ограда може да насадите на едно место во дворот и редовно да ја полевате. На сите видови жива ограда им треба малку повеќе време да пуштат корен. Кога ќе биде подготвена, пресадете ја на место што ви одговара.

НАПРАВЕТЕ САМИ УКРАСНИ ДЕТАЛИ ЗА ГРАДИНАТА!

Прекрасни украсни детали кои може да ги видите во некои градини, не мора да бидат и скапи. Вашата градина може да ја разубавите со детали што ќе ги направите сами. Со малку труд и фантазија, од разни материјали и од цемент или керамика, може да се добијат прекрасни саксии, топки, скулптури...

ВО 2016 ГОДИНА АНА И ДАМЈАН НАЈПОПУЛАРНИ ИМИЊА

Во изминатата 2016 година, градоначалникот на Општина Аеродром додели најмногу, досега рекордни, 808 решенија за еднократна парична помош за новороденчиња, од кои речиси подеднакво беа машки и женски, односно имаше вкупно 406 машки деца, а 402 женски деца.

Од нив 495 се првородени деца, а 284 се второродени, во 25 семејства има трето дете, 4 се четвртородени.

За разлика од предходните години, и во изминатата 2016 година, најчесто име што им се давало на девојчињата од Општина Аеродром е Ана, а кај момчињата Дамјан, но оваа година имаме и нов „победнички" пар на имиња, а тоа се Јован и Јована. Исто така, има и многу деца кои се викаат Јана, Петар, како и Марко. Меѓу новородените има и деца кои имаат ретки имиња како што Кирјана, Лана, Бела, Лена, Дарин, Зои, Доротеа...

Во Општина Аеродром секоја година има сè повеќе новородени деца и ние искрено се радуваме за тоа. На сите семејства им честитаме за новиот член во семејството и истакнуваме дека и годинава продолжуваме со проектот еднократна помош на секое семејство со новороденче во Општина Аеродром, во висина од 5.000 денари.

ВЕЛИГДЕНСКИ БАЗАР

На 13.4.2017 година во дворот на црквата „Св. Пророк Илија" се одржа Велигденски базар, на кој можеа да се видат и купат креативни домашно изработени ракотворби од членови на Здружението на слепи и лица со оштетен вид Скопје, односно солени и благи погачи, милиброд, велигденски јајца и други рецепти, кои го симболизираат најголемиот христијански празник Велигден.

ХУМАНИТАРНИ ПРОДАЖНИ ИЗЛОЖБИ

Во просториите на Општина Аеродром, беше поставена продажна изложба на рачни изработки од претставници на здружението на лица со телесен инвалидитет „Мобилност Скопје", на која можеа да се видат велигденски украси и рачни изработки на членовите на Здружението во пресрет на најголемиот христијански празник Велигден.

Претходно, во просториите на Општина Аеродром во пресрет на Денот на жената, Осми март, исто така, беше поставена хуманитарна продажна изложба на рачни изработки од претставници на Здружението.

Прославен 12-от роденден на Општината

АЕРОДРОМ Е УСПЕШНА ПРИКАЗНА И ОПШТИНА БРОЈ ЕДЕН

На 12.4.2017 година, во дворот на црквата „Св. Петар и Павле" во Горно Лисиче Општина Аеродром го прослави 12-от роденден во присуство на најблиските соработници и пријатели на општината.

Градоначалникот Коневски рече дека Аеродром е успешна приказна, ако се земе предвид фактот дека Општината последниве неколку години доживеа голем развој во поглед на инфраструктурата и на условите за живот за граѓаните, кое особено се однесува за младите, за кои се вложува многу енергија, но пред сè финансиски средства за да се подобрат условите за одвивање на воспитно-образовниот процес и за спортување.

Исто така, градоначалникот Коневски порача дека економскиот развој на Општина Аеродром и понатаму ќе продолжи со несмалено темпо, а со тоа и инвестициите во инфраструктурата и подобрувањето на условите за живот. На крајот тој им се заблагодари на соработниците, без кои, како што рече Општината немаше да биде толку успешна.

„Аеродром е една од најмладите општини во земјава, но горди сме што со голем труд и голема посветеност, успеавме да се искачиме на врвот меѓу најуспешните и да станеме општина број еден во Македонија", изјави тој.

„Ај лав хајкинг“ станаа вистински хит на социјалните мрежи и на планините

ДА НАПРАВИМЕ ПЛА

Јадрото на најмладото планинарско друштво во земјава го сочинуваат неколкумина млади луѓе, поголемиот дел од нив аеродромци, тргнати во офанзива кон најнедостапните дивини на нашата држава и пошироко

Југослава Дуковска

Група вљубеници во природата и во планините пред нешто помалку од две години се собраа и се втурнаа во авантурата наречена „Ај лав хајкинг“ (I love hiking или во превод „го сакам планинарењето“). Бргу станаа вистински хит на социјалните мрежи, но и на планините, а во планинарската фела веќе ги познаваат како „момците што организираат најпосетени планинарски тури“ на македонските, а сè почесто и на бугарските, грчките, српските планини, па и подалеку во Европа.

Јадрото на „Ај лав хајкинг“ го сочинуваат неколкумина млади луѓе, поголемиот дел од нив аеродромци – Дејан, Хари, Алекс, Стефан, Јоцо и други. Или, како што велат – дечките од најурбанизираната општина во Македонија, тргнати во офанзива кон најнедостапните дивини на нашата држава и пошироко.

Дека се неуморни покажува нивниот календар на активности, од првиот до последниот викенд во годината набиен со настани – планинарски тури со лиценцирани водичи, што ги организираат за сите оние кои сакаат да им се придружат во истражувањето на убавините на Македонија и нејзината околина и за кои секогаш се бара место повеќе. За нивниот успех сведочи растечкиот број на новорегрутирани „хајкери“ од сите

АНИНАРСКА ТРЕСКА!

генерации, но најмногу млади луѓе од старосната група од 25 до 35 години, кои нетрпеливо очекуваат да ги откријат убавините на корабскиот масив, на величенствената Шар Планина, таинствената Осоговија, грандиозниот Олимп или Мон Блан.

За посветеноста, пак, на „Ај лав хајкинг" на зачувувањето на тие убавини, на чистата природа, во склад со името што сами си го смислија - „чувари на природата", сведочат црните кеси полни со смет, кои често ги полнат со отпадоци собрани попат надолу, враќајќи се од освоените врвови.

Нивната мисија е напорна и одговорна, пред сè, бидејќи мораат да водат сметка за сите кои им укажале доверба да им се придружат понекогаш и на потешко достапни места и во посложени временски услови, но, како што вели Дејан Доневски, претседател на друштвото, „наша цел е да направиме планинарска треска и да ги мотивираме луѓето седечкиот начин на живот и лошите животни навики да ги заменат за еден здрав, интересен, полезен и пред сè забавен начин на дружење, станувајќи дел од растечката популација на вљубениците во природата.".

На почетокот на годинава, друштвото собрано околу идејата наречена I love hiking – Guardians of nature („Го сакам планинарењето – чувари на природата") и формално стана – најмладото планинарско друштво во земјава.

АПЕЛ ДА НЕ СЕ ВОЗАТ АВТОМОБИЛИ И МОТОРИ НА ВЕЛОСИПЕДСКИТЕ ПАТЕКИ!

Почитувани,

Јас сум жителка на Општина Аеродром и секојдневно наутро од 07:00 часот пешачам или возам велосипед на кеј до Центар. Морам да кажам дека сум задоволна од можноста да се движиме, дека е средено и дека има ред и за пешаци и за велосипеди и ролери. Но, исто така, сакам да напомнам дека сум сведок на една лоша работа, а тоа е возење скутери по патеката за велосипеди. Ве молам да ми кажете дали има начин да се искронтролира ова?

Поздрав,
В. С.

Почитувани,

Општина Аеродром ги повикува граѓаните да не ги паркираат своите возила и да не се движат со нив на спортско – рекреативната патека на кејот на реката Вардар. Апелот се однесува и на возачите на мотори и скутери, бидејќи на тој начин не само што се уништува патеката, туку и се попречува непреченото движење и безбедноста на велосипедистите и ролерциите за кое е, всушност, наменета велосипедската патека.

Освен тоа, покрај Вас, со поплаки до Општината дека велосипедската патека ја користат несовесни возачи на автомобили и мотори, се обраќаат голем број граѓани и здруженија, меѓу кои и неформалната група на скопски велосипедисти „НаТочак".

Истовремено ја повикуваме и полицијата да ги преземе неопходните мерки за отстранување и казнување на возачите што непрописно се движат по патеките или се паркираат на овие недозволени места.

ЦВЕТНО КАТЧЕ ЗА ПОТТИК

Почитувани,

Дел од фирмите покрај булеварот „Видое Смилевски Бато" го уредиле просторот пред своите деловни простории со импровизирани реквизити како цветно катче. Ова е добар пример дека и другите дуќани ако сакаат можат со малку труд и без голема инвестиција да ја разубаваат својата околина.

Со почит,
Г.Б.

Ви благодариме за идејата и ги поттикнуваме и другите да го следат овој убав пример.

НАСКОРО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА УЛИЦАТА КОН СКАЈ СИТИ

Почитувани,

може ли да добијам инфо кога ќе биде целосно осветлена новата улица 1615 што води кон Sky City?

Однапред благодарам на одговорот

Ви благодарам,
С.Б.

Почитувани,

Проектот за осветлување на посочената улица е во тек и се очекува наскоро да биде завршен.

Со почит,
Општина Аеродром

СЕРВИСНИ ТЕЛЕФОНИ

Итна медицинска помош 194
Пожар и елементарни непогоди 193
Центар за известување и тревожење 195

Градинки

Срничка 2455 512
Буба Мара 2434 530

Основни училишта

Блаже Конески 2469 746
Браќа Миладиновци 2460 479
Ѓорѓија Пулевски 2455 510
Љубен Лапе 2450 220
Лазо Ангеловски 2430 324
Димитар Македонски 2440 011
Гоце Делчев 2438 288
Александар Македонски 6152 513

Средни училишта

Владо Тасевски 2464 123
Димитар Влахов 2464 590
Марија Кири Склодовски 2452 189

Библиотеки

Јане Сандански 2466 474
Кирил Пејчиновиќ 2450 449
Рајко Жинзифов 2443 450

Цркви

Света Тројца 2763 337
Свети Петар и Павле 2439 722
Свети Пророк Илија 2460 825

Полиција 192

ПС Аеродром 2432 362, 3142 408
ПС Драчево 2763 330, 2794 111
ПС Кисела Вода 3223 410, 3142 403

Амбуланти

Јане Сандански 2463 277
Лисиче 2440 810
Пелагонија 2460 478

ПРИЈАВА НА КОРУПЦИЈА:

080052222

ОПШТИНА АЕРОДРОМ

Централа 2400 970
Пријавница 2401 511
Контакт со граѓани 2401 555
Локален економски развој 2401 542
Правна служба 2401 556
Човечки ресурси 2401 538
Урбанистички планови 2401 529
Осветлување 2401 533
Комунална инспекција 2401 521
Градежна инспекција 2401 521
Инспекција за домување 2401 521
Инспекција за животна средина 2401 521
Финансии 2401 513
Буџет 2401 536
Сметководство 2401 535
Даноци, такси и други приходи 2401 537
Данок на имот 2401 553
Јавни набавки 2401 548
Образование и култура 2401 517
ИТ 2401 530
Социјална заштита 2401 518
Архива урбанизам 2401 525
Совет на Општина Аеродром 2401 512
Инспекција 2401 522
Животна средина 2401 552
Урбанизам 2401 528
2401 529
2401 545
Комунално одделение 2401 532
2401 534
2401 540

Јавно осветлување

ЕВН 3205 000
Елтра 2763 838

Јавни претпријатија

ЈП „Водовод и канализација“ 3073 010
ЈП „Паркови и зеленило“ 2464 272
ЈП „Комунална хигиена“ 3216 644
075/506 090
Оџачарски услуги 2440 293
Кабаст отпад 0800 222 33